## МАКЕДОНИЈА НА ИСТАНБУЛСКОТО И ВЕНЕЦИЈАНСКОТО БИЕНАЛЕ

# Пасивност на материјата или активна духовност?

***Ова е основниот предизвик со кој ја соочува публиката скулпторот Петар Хаџи Бошков во својот проект „Крај на векот„ кој ќе ја претставува Македонија на овогодишното Венецијанско биенале. Според одлуката на комисијата, авторите сами ќе конкурираат за учество на Истанбулското биенале***

Проектот со наслов „Крајот на векот„ на скулпторот Петар Хаџи Бошков ќе биде претставник на Македонија на овогодишното Венецијанско биенале, одлучи Комисијата за разгледување и селектирање на предлог проектите што конкурираа за учество на двете реномирани биенални ликовни манифестации во Венеција и Истанбул.

Индивидуалниот проект на Хаџи Бошков содржи три сегменти: голема купола од алуминиумска конструкција, обложена со плексиглас, во чија внатрешност е инсталирана скулптура. Врз внатрешната површина на полутопката ќе се проектира видео арт, чии подвижни слики реферираат на Сикстинската капела или на византиската сликарска традиција. Во видео иконографијата ќе бидат содржани сублимираните искуства на авторот поврзани за глобалните уметнички и политички настани на 20 век, но и неговите лични дилеми насочени кон круцијалниот творечки проблем, како што е проблемот со материјата, односно идејата од нејзината пасивност да се предизвика активна духовност.

Доколку Министерството за култура не најде адекватен простор и доволно финансиски средства за реализација на предвидениот проект и доколку самиот автор не може да направи отстапки од иницијалниот проект и неговото учество биде откажано, Комисијата му го предлага на Министерството проектот на Борис Николовски, кој по Хаџи Бошков освои најголем број гласови. Проектот на Николовски под наслов $E = mц^2$ се состои од 100 до 150 мали сегменти - птици што симулираат јато во лет. Идејата и мобилноста на оваа инсталација, што овозможува нејзино поставување во различни амбиенти, е зависна од струењето на воздухот и реферира на глобалната еколошка проблематика, како врвно актуелна тема во светот.

За учество на Истанбулското биенале се пријавија Музејот на град Скопје, кој, по избор на кураторот Сузана Милевска ги предложи портфолијата на Мирна Арсовска, Славчо Соколовски и Оливер Мусовиќ и Уметничката галерија, која по изборот на кураторот Вана Урошевиќ го предлага портфолиотот на сликарот Александар Станковски и кураторот Менка Карапашова, која се определи за портфолиотот на скулпторот Атанас Атанасоски. Со оглед на политиката на Истанбулското биенале и одличниот избор на автори што го реализираа кураторите, комисијата одлучи на сите автори да им се даде можност да конкурираат со своите проекти на Истанбулското биенале.

**Ј.Ф.**